5
музеј
на современата
уметност
скопје
museum
of contemporary
art
skopje
5 БИЕНАЛЕ
НА МЛАДИТЕ УМЕТНИЦИ
5 biennial of the youth artists
BIENNIAL
MUSEUMOFCO
NTEMPORARY
ARTSKOPJEM
UZEJNASOVR
EMENATAUME
TNOSTSKOPJE

Biennial

BIENNIAL OF YOUNG ARTISTS
Museum of Contemporary Art - Skopje
24.05 - 14. 06. 2001

Биенале на младите уметници

In ancient times, in the time of the Punic Wars, the city of Syracuse was attacked by the Romans. The city was resisting for a long time the conquerors' blasts, defending with mechanical devices and convex mirrors. When the conquerors entered the city, destroying and burning everything before them, a lonely man, deeply absorbed into complex calculations, was still drawing circles on the floor of his room. This man knew the secretes of geometry, mechanics and infinitesimal calculation and the sand number, he had calculated the size and the distance between the celestial bodies, he had drawn the movements of the planets around the sun and he was before his latest great discovery, before the latest great secret. The only thing he was lacking was time! He was still absorbed in the measureless depths of his thoughts when the soldiers burst into his home; yet, under the sword raised above his head, he cried: "Don't disturb my circles!" (Noli turbare circulos meos!)

Today, no one remembers the names of the conquerors who burnt Syracuse. Time has erased the memory of the brave defenders of the city, but today each one of us knows who Archimedes is! Without his discoveries we would have been barbarians doomed to oblivion - lost for the World, the Skies and the Hope! What the sword and the fire had not destroyed were those particular circles of Archimedes which have been over and over again drawn in the endless search for the secrets of the Universe.

This unusual introduction for the announcement of a cultural event as the Biennial of Young Artists, that is to be held in the Museum of Contemporary Art (24.05 - 14. 06. 2001), might not have an immediate relation to this particular event. Obviously, Republic of Macedonia is not an ancient polis, yet, new barbarians are at our walls. Yes, barbarians! Since they still blindly believe in the dark myths of their tribes, told at night, by the fire. Since they still believe in the mighty powers of the Blood and the Land. Because the Other frightens them. Because they conceal their fear of the unknown with violence. Because they conceal their narrow-mindedness and their ignorance with violence. Because when they lack words, violence is the best solution for them. Because when they lack excuses, violence is the best solution for them. Because violence is always the best solution for them, regardless of whether they use short Roman swords, automatic guns, bombs or hold lighted torches in their hands, looking for their imaginary enemies through the night. Therefore, the story of Archimedes is deeply and tightly related to the reasons for this event to take place.

Since 1967 the Museum of Contemporary Art has been presenting young artists through the event Young Generation, that was held by the 1972, and afterwards, since 1987, it grew into the Biennial of the Young, which was continually held up to 1993. The efforts to promote the values typical for the youngest generations of Macedonian artists and the presentation of their works, as well as the attempts to evidence the latest streams in the fine arts, are the basis upon which the new concept of the renewed Biennial of Young Artists was built, in this hard year 2001, at the beginning of the new century.

In this times of war we are left with nothing else but to go on doing what we know the best, trying to find in ourselves enough strength to preserve the Truth, the Goodness and the Beauty. If the enemy sword is raised above our heads, what we have to do is to go on drawing our circles. With the revival of the Biennial of Young Artists in the Museum of Contemporary Art we want to draw just another circle around us! Especially today and despite everything!

Emil Aleksiev

БИЕНАЛЕ НА МЛАДИТЕ УМЕТНИЦИ
Музеј на современата уметност - Скопје
24. 05. - 14. 06. 2001

Некогаш одамна, во времето на Пунските војни, градот Сиракуза бил нападнат од Римјаните. Градот долго опстојувал пред налетите на освојувачите бранејќи се со механички направи и конвексни огледала. Кога освојувачите влегле во градот уривајќи и палејќи сé пред себе, еден осамен човек задлабочен во сложени пресметки цртал кругови по подот од својата соба. Овој човек ги знаел тајните на геометријата, механиката и астрономијата, ги открил законите на тежиштето, рамнотежата и лостовите, на инфинитезималното сметање и *песочниот број*, ги пресметал величината и оддалеченоста на небесните тела, го исцртал движењето на планетите околу сонцето и тој сега бил пред своето последно големо откритие, пред последната голема тајна. Она што му недостигало било време! Потонат во безмерните длабочини на мислите, кога воините упаднале во неговиот дом, тој под високо подигнатиот меч над неговата глава, извикал: *Не растурајте ги моите кругови*! (Noli turbare circulos meos!).

Денес, никој не ги памети имињата на освојувачите кои што ја запалиле Сиракуза. Времето го избришало споменот за храбрите бранители на градот, но денес, секој од нас знае кој е Архимед! Без неговите откритија би биле варвари осудени на заборав - изгубени за Светот, за Небото и за Надежта! Она што огнот и мечот не го уништиле се токму круговите на Архимед кои одново и одново беа исцртувани во бескрајната потрага по тајните на Универзумот.

Овој необичен вовед за најавата на една културна манифестација како што е *Биеналето на младите уметници* што треба да се одржи во Музејот на современата уметност (24 мај - 14 јуни 2001 година) можеби и нема непосредна врска со конкретниот настан. Несомнено, Република Македонија не е антички полис, но, сепак, некои нови варвари се под нашите ѕидини. Да, варвари! Затоа што сé уште слепо веруваат во мрачните митови на своето племе раскажувани ноќе, крај огнот. Затоа што сé уште веруваат во моќните сили на Крвта и Земјата. Затоа што Другиот ги застрашува. Затоа што својот страв пред непознатото го прикриваат со насилство. Затоа што својата ограниченост и своето незнаење ги прикриваат со насилство. Затоа што кога им недостигаат зборови, насилството за нив е најдоброто решение. Затоа што кога им недостигаат оправдувања, насилството за нив е најдоброто решение. Затоа што насилството за нив е секогаш најдоброто решение независно дали користат куси римски мечеви, автоматски пушки, бомби или со запалени факли во рацете ги бараат ноќе замислените непријатели. Оттаму, приказната за Архимед е во длабока и нераскинлива врска со причините поради кои треба да се одржи оваа манифестација.

Од 1967 година Музејот на современата уметност ги презентираше младите автори, прво преку манифестацијата *Млада генерација*, која се одржуваше до 1972 година, а потоа од 1987 година преку нејзиното прераснување во *Биенале на младите* кое континуирано се организира се до 1993 година. Првичните заложби за афирмација на вредностите кои со себе ги носи најмладата генерација македонски ликовни уметници и презентација на нивното творештво, како и обидите да се регистрираат најновите струења во ликовната уметност, се и основата врз која се гради новата концепција на обновеното *Биенале на младите уметници* оваа тегобна 2001 година на почетокот од новиот век.

Во овие воени времиња ништо не ни преостанува освен да продолжиме да го работиме она што најдобро го знаеме и во себе да пронајдеме доволно сили за да ја зачуваме Вистината, Добрината и Убавината. Ако непријателскиот меч е подигнат над нашите глави, она што мораме да го направиме е да продолжиме да ги цртаме своите кругови. Обновувајќи го Биеналето на млади уметници во Музејот на современата уметност - сакаме да исцртаме уште еден таков круг околу нас! Токму денес и наспроти се!

Емил Алексиев

БИЕНАЛЕ

Владимир Христов
Роден 1969 година во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1997 година. Од 1998 ги посетува постдипломските студии во Гронинген, Холандија, во школата за мултимедија ˝Minerva-GN˝

Vladimir Hristov
Born 1969 in Skopje. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje, 1997. From 1998 he is on postgraduating studies in Groningen, Holland, at the school for multimedia "Minerva - GN"

˝Обред˝, 2001, масло и акрил на платно, 192x122 см

Јана Стојанка Манева - Чупоска
Родена 1970 во Скопје. Дипломирала на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје, 1996 година, отсек сликарство во класата на проф. Симон Шемов
Самостојни изложби:
1998 - Прага
2000 - Париз

Jana Stojanka Maneva - Cuposka
Born 1970 in Skopje. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje, 1996, painting, with the prof. Simon Semov
Solo exhibitions:
1998 - Prague
2000 - Paris

"Feminne Soleil" , 2000, масло на платно, 130 x 37 см
"Feminne Soleil", 2000, oil on canvas, 130 x 37 cm

Наташа Милованчев
Родена 1967 година во Скопје. Дипломирала на Архитектонски Факултет во Скопје 1993 година. Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1995 година.
Самостојни изложби:
1998 - "Поглед низ", Музеј на град Скопје, Скопје
Изложба на слики и цртежи, Галерија Безистен, Штип
1999 - Дом на култура, Прилеп

Natasa Milovancev
Born 1967 in Skopje. Graduated at the Faculty of Architecture in Skopje 1993. Fine arts Academy finished in Skopje, 1995.
Solo exhibitions:
1998 - Skopje, Museum of the city of Skopje
Stip, Gallery Bezisten
1999 - Prilep, Cultural center

Од циклусот "Записи од ателјето", 2001, акрилик на платно, 100 x 100 см
"Садови", 2001, акрилик на платно, 100 x 100 см
From the ciclus "Notes from the studio", 2001, acrilic on canvas, 100 x 100 cm
"Plates", 2001, acrilic on canvas, 100 x 100 cm

Моника Десоска

Родена 1973 година во Прилеп. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1997 година.
Самостојни изложби:
1992 - Прилеп, "Поглед кон надвор", Дом на културата
1997 - Битола, "Од лице до простор", Уметничка галерија
Прилеп, "Духовен простор", Уметничка галерија
2001 - Скопје, "Простор", Музеј на град Скопје

Monika Desoska

Born 1973 in Prilep, Macedonia. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje, 1997.
Solo exhibitions:
1992 - Prilep, Cultural center
1997 - Bitola, Art Gallery
Prilep, Art Gallery
2001 - Skopje, Museum of the city of Skopje

"Заробена светлина", 2000, масло на платно и прачки, 160 x 160 см
"Пустина", 2000, масло на платно и прачки, 200 x 150 см
"Пробиен круг", 2000, масло на платно и прачки, 200 x 150 см

Тања Таневска

Родена 1971 година во Скопје. Дипломирала на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје, отсек педагошки - сликарство во класата на проф. Рубенс Корубин.
Самостојни изложби:
1999 - Скопје, ДЛУМ
2000 - Скопје, КИЦ
2001 - Париз, Cite internacionale des arts

Tanja Tanevska

Born 1971 in Skopje. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje, painting, with the prof. Rubens Korubin.
Solo exhibitions:
1999 - Skopje, DLUM
2000 - Skopje, Cultural center
2001 - Paris, Cite internacionale des arts

"Јапонски знаци", 1999/2000, комбинирана техника на хартија, 70 x 135см
"Japanes signs", 1999/2000, combined technics on paper, 70 x 135 cm



Мариа Павловска

Родена 1975 година во Скопје. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности, отсек сликарство, во Скопје 1999 година. Ги завршува постдипломските студии на истиот факултет, сликарство, под менторство на проф. Симон Шемов.

Самостојни изложби:

1999 - Скопје, Галерија "Стоби"
Охрид, Дом на културата "Григор Прличев"
Струга, Народен музеј "Вангел Коџоман"
Скопје, Музеј на Современата уметност

Maria Pavlovska

Born 1975 in Skopje. Graduated at the Academy of Fine arts, painting in Skopje, 1999.
She is finishing her potgraduating studies at the same Academy, with prof. Simon Semov.

Solo exhibitions:

1999 - Skopje, Gallery "Stoby"
Ohrid, Cultural center "Grigor Prlicev"
Struga, Museum "Vangel Kodoman"
Skopje, Museum of Contemporary Art



"Еден запис", 2001, масло на хартија, 70 x 200 см
"Мост", 2001, масло на хартија, 70 x 200 см
"One note", 2001, oil on paper, 70 x 200 cm
"Bridge", 2001, oil on paper, 70 x 200 cm



Микица Трујкановиќ
Родена 1975 година во Бор, СР Југославија.
Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1999 година, оддел сликарство, во класата на проф. Симон Шемов.
Од 1999 година е на постдипломски студии на истиот факултет.

Mikica Trujkanovic
Born 1975 in Bor, SR Jugoslavia. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje 1999, painting, with the prof. Simon Semov.
From 1999 she is on postgraduating studies at the same Academy.

"Силвер", 2000, комбинирана техника,
"Понеделник", 2000, комбинирана техника,
Без наслов, 2000, комбинирана техника,
"Silver", 2000, comined technics
"Monday", 2000, combined technics
Untitlled, 2000, combined technics

Борис Шемов

Роден 1974 во Скопје. 1996 година дипломирал на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје, сликарски оддел;
насока рачна изработка на хартија. Од 1999 следи постдипломски студии на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје.
Самостојни иаложби:
1998 - Музеј на град Скопје,
Отворено графичко студио ″Мак Граф″, Скопје
1998 - Дом на култура ″Григор Прличев″, Скопје

″Компресија I″, 2001, компјутерска графика, 120x70 см
″Компресија II″, 2001, компјутерска графика, 120x70 см

Boris Semov

Born 1974 in Skopje. 1996 graduated at the
Academy of Fine arts in Skopje, painting.
From 1999 he is on postgraduating studies at the same Academy.
Solo exhibitions:
1998 - Museum of the city Skopje, Skopje
1998 - Ohrid, Cultural centar " Grigor Prlicev"

"Compression I", 2001, computer graphic, 120 x 70 cm
"Compression II", 2001, computer graphic, 120 x 70 cm





Ирина Марковска
Родена 1976 година во Скопје. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек графика, во класата на проф. Димче Николов, а под менторство на проф. Костадин Танчев –Динка.

Irina Markovska
Born 1976 in Skopje. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje, printmaking, with the prof. Kostadin Tancev - Dinka.

"Разбој", 2000, сериграфија, 70 x 50 см
"Езеро мое", 2000, акватинта-бакропис, 60 x 65 см
"Патина", 2000, сериграфија, 70 x 50 см
"Loom", 2000, serigraphy, 70 x 50 cm
"My lake", 2000, aqatinta, 60 x 65 cm



Стојче Тоциновски
Роден 1974 година во Велес. Дипломирал на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје, отсек педагошки - вајарство во класата на Васил Василев.
Самостојни изложби:
2001 - Скопје, Галерија на Домот на градежниците

Stojce Tocinovski
Born 1974 in Veles, Macedonia.
Graduated at the Academy of Fine Arts in Skopje, sculpture, with prof. Vasil Vasilev
Solo exhibitions:
2001 - Skopje, Gallery of the Workers House

„Прозорци", 2001, дрво
"Windows", 2001, wood



Маја Џартовска
Родена во Скопје 1976 година. Дипломирала на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје 1999 година
Самостојни изложби:
2000 - Скопје, Музеј на град Скопје

Maja Dzartovska
Born in Skopje, 1976. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje 1999.
Solo exhibitions:
2000 - Skopje, Museum of the city of Skopje

"Град I", 2001, масло на платно, 83,5 x 65 см
"Град II", 2001, масло на платно, 70 x 46,5 см
"Град III", 2001, масло на платно, 64 x 50 см
"City I", 2001, oil on canvas, 83,5 x 65 cm
"City II", 2001, oil on canvas, 70 x 46,5 cm
"City III, 2001, oil on canvas, 64 x 50 cm

Даниел Печијаревски
Роден 1975 година во Скопје. 2000 година дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во класата на проф. Симон Шемов, отсек сликарство.

Daniel Pecijarevski
Born 1975 in Skopje. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje, 2000, painting, with the prof. Simon Semov.

"Меланхолија", 2001, пастел на хартија
"Фази", 2001, пастел на платно
"Melanholy", 2001, pastel on paper
"Phases", 2001, pastel on paper



Марија Марковска
Родена 1972 година во Скопје. Академија за Ликовни уметности завршила во Скопје, 1995 година, кај проф. Ана Темкова и проф. Рубенс Корубин.
Самостојни изложби:
1997 - Прилеп, Дом на културата
1998 - Куманово
2000 - Штип

Marija Markovska
Born 1972 in Skopje. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje, 1995, with the prof. Ana Temkova and prof. Rubens Korubin.
Solo exhibitions:
1997 - Prilep, Cultural Center
1998 - Kumanovo
2000 –Stip

"Плака", 2000, масло на платно, 118 x 135 см
"Полжав", 2000, комбинирана техника, 100 x 82 см
"Средба", 2000, масло на платно, 103 x 85 см

Коста Крпач

Роден 1976 година во Скопје. Факултет за Ликовни уметности завршил во Скопје, 1999 година, оддел сликарство, насока рачна изработка на хартија, во класата на проф. Симон Шемов.

Kosta Krpac

Born 1976 in Skopje. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje, 1999, painting, with the prof. Simon Semov.

"Албанска куќа", 2000, масло на платно, 100x81 см
"Albanian house", 2000, oil on canvas, 100 x 81 cm

Татјана Миљовска

Родена 1966 година во Битола. Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1992 година во класата на проф. Симон Шемов.
Самостојни изложби:
1987 - Скопје, Изложба на цртежи, "Галерија 7"
1990 - Скопје, Изложба на цртежи,
Сули Ан (со Доминик Ничева)
1996 - Скопје, Даут Пашин Амам

Tatjana Miljovska

Born in Bitola 1966. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje 1992, with the prof. Simon Semov.
Solo exhibitions:
1987 - Skopje, "Gallery 7"
1990 - Skopje, Suli An (with Dominik Niceva)
1996 - Skopje, Daut Pasha Hamam

"Пролет", 2000, масло на картон, 72 x 48 см
"Златниот брод", 1998/1999, масло на картон, 72 x 48 см
"Spring", 2000, oil on cardboard, 72 x 48 cm
"The golden bout", oil on cardboard, 72 x 48 cm

Јасминка Новковска

Родена 1975 година во Скопје. 1998 година дипломира на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје во класата на проф. Душан Перчинков. Од 1999 до 2000 година специјализира на Художествената Академија во Софија кај доц. Божидар Бојаџиев.
Самостојни изложби:
2000 - Софија
2000 - Скопје, Музеј на град Скопје

"Современи Адам и Ева", 2000, комбинирана техника, 200 x 140см
"Гревот", 2000, акрилил на платно, 200 x 140см
"Кула во Вавилон", 2000, акрилик на платно, 140 x 200 см

Jasminka Novkovska

Born 1975 in Skopje. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje, 1998, with the prof. Dusan Percinkov.
From 1999 till 2000 she was on specialization on the Art Academy in Sofia.
Solo exhibitions:
2000 - Sofia
2000 - Skopje, Museum of the city of Skopje

"Modern Adam and Eva", 2000, combined technics, 200 x 140 cm
"The sin", 2000, acrilic on canvas, 200 x 140 cm
"Tower in Babilon", 2000, Acrilic on canvas, 140 x 200 cm

Biennial

КРУГ НА НАДЕЖТА

Да се обнови една манифестација, како што е Биеналето на млади уметници, прекината од повеќе причини веќе осум години и тоа во вакви услови кога сите инстанци се свртени кон зачувување на интегритетот и суверенитетот на нашата држава, е работа достојна за почит. Благодарение на големата упорност и истрајност како на организаторите, така и на младите уметници, успеавме да реализираме еден успешен проект преку кој ја презентираме активноста на припадниците на младата ликовна сцена во Македонија.

Црн квадрат со бел круг - е логото на манифестацијата "5-то Биенале на младите уметници". Тоа е знак кој предизвикува повеќе асоцијации, но општо земено станува збор за уште една потврда дека сеопфатната криза во која се наоѓа државата не подразбира и криза на уметноста. И покрај црниот квадрат тука е кругот на надежта, кругот на светлината во овие темни времиња, кој го "исцртаа" 46-те учесници на ова Биенале и со својот младешки порив го прифатија предизвикот.

Потребата од одржување на една ваква манифестација на која ќе се санкционира моментната состојба на ликовната сцена кај најмладите генерации академски уметници и врз која ќе се потпре идниот развиток на македонската уметност е евидентна. Претходните Биеналиња исфрлија на површината одреден број имиња и беа "штица за отскок" за поголем број уметници кои денес ја предводат и ја презентираат македонската уметност во светот како учесници на голем број интернационални манифестации. На тие изложби се случуваа поексплицитно првите посмели експериментирања, пресврти и неконвенционални пристапи кон ликовните обликувања. Тоа се значајни години за развојот на македонската ликовна уметност.

Но, како денес ќе дојдеме до одговорите на прашањата: што се случува на ликовната сцена меѓу најмладите нејзини претставници и какви се можностите да се добие една општа слика за оваа ликовна сцена, да се види кон што се движи, да се почувствува нејзиниот сензибилитет, ако не преку повторното оживување на ваквите манифестации.

Не наметнувајќи им ригорозен кураторски концепт, нашата цел при организирањето и обновата на ваквата манифестација беше да се претстави творештвото на младите уметници онакво какво што е. Отстапувајќи од институцијата конкурс од повеќе причини, селекцијата на околу 50-тина одбрани автори беше извршена преку увид во досегашното творештво и изложбите на овие млади автори. Имајќи предвид дека Биеналето е манифестација со ревијален карактер повеќето дела кои се претставени се веќе претходно излагани. Целта беше да се даде општа слика за релевантните тековите на младата ликовна сцена во последните две години, што и се постигна со ваквиот пристап при изборот на делата.

Сумирајќи ги резултатите од Биеналето може да се забележи присуство на дела работени во сите можни медиуми на ликовното изразување со исклучок на архитектурата и филмот. И покрај претпоставките дека ќе има многу поголем број дела работени во класичните визуелни медиуми (сликарство, скулптура, графика), од самото Биенале може да се дојде до општата констатација дека доминираат делата кои и припаѓаат на концептуалната практика и инсталацијата (просторна, комјутерска и видео). Жален е фактот за скудноста на скулптурата и нејзиното маргинализирање, иако ниту бројот на сликите и графиките не е за пофалба. Но, во овие рамки се движат интересирањата на младите денес, а тоа не смее да се запостави.

Интересен е спојот и заедничкото учество на веќе афирмирани автори со поголем број докажани проекти зад себе и штотуку дипломирани уметници кои допрва треба да се докажуваат и афирмираат.

На обновеново Биенале зедоа учество и уметници кои слепо се обидуваат да испробаат нови, за нив несвојствени медиуми, што во основа претставува ризичен потфат. Некои од нив успешно се реализирани, но не мал дел од нив имаат површен и механички пристап. Иако, тоа е неспорно, сепак се одлучивме да ги претставиме, бидејќи ваквите дела, поставени во корелација со другите, овозможуваат да се добие реална претстава за настојувањата и преокупациите кај младите уметници. Исто така Биеналето претставува ретка можност и за самите уметници да се самоспознаат и со самокритичко одмерување да го согледаат сопственото место во рамките на својата генерација млади ликовни уметници.

Иако во овие тешки егзистенцијални времиња, може слободно да се каже дека уметноста сé поретко е професија, а сé повеќе е скапо хоби, сепак ова Биенале е уште една потврда дека уметничкиот дух не мирува и дека од рацете на вистинскиот уметник во секакви услови се вообличува уметничко дело. А секој контакт со уметноста духовно ослободува, води кон контемплација, кон нематеријалниот свет каде, барем за момент, заборавате на секојдневието. И уште еден впечаток од ова Биенале е повеќе од очигледен. Голем број од овие млади уметници ветуваат многу со својот потенцијал и во иднина можеме да очекуваме дела со акумулирана уметничка вредност и врвни уметнички дострели.

Ана Франговска

CIRCLE OF HOPE

Renewing an event as the Biennial of Young Artists, after an eight years break that occurred for various reasons, especially in such circumstances when all the institutions are devoted to preserving the integrity and sovereignty of our country, is a brave and respectful task. Due to the firm determination and persistence of the promoters, as well as of the young artists, we managed to carry out a successful project through which we presented the engagement of the members of the young artistic scene in Macedonia.

Black square with a white circle - is the logo of the event "5th Biennial of Young Artists". It is a sign that provokes different associations, but generally, it is just another proof that the crisis our country is passing through does not necessarily imply a crisis in the art. Together with the black square there is the circle of hope, the circle of light in this dark times, which was "drawn" by the 46 participants at this Biennial who had taken this challenge with all their youthful vigor.

The necessity to hold such an event, meant to sketch the current situation at the artistic scene referring to the youngest generation of academic artists upon which the future development of Macedonian art relies, was evident. The previous Biennials have launched a certain number of names that served as a springboard for many artists who are today leading and presenting the Macedonian art in the world as participants at many international events. It was those exhibitions that showed more explicitly the first daring experiments, overturns and unconventional approaches towards the visual arts. Those were significant years for the development
of Macedonian fine arts.

But, how else shall we today answer the questions: what is happening at the artistic scene among its youngest representatives and what are the possibilities to get a general picture of this artistic scene, to see where is it going to, to feel its sensibility, if not through the revival of such events.

We did not impose a rigorous curators' concept, since the organization and the renewal of this event was aimed to present the works of the young artists as they are. Rejecting, for several reasons, the institution of open competition, the selection of about 50 artists was made according to a review into their works and the exhibitions of these young artists. Having in mind that the Biennial is an event of purely exhibiting type, most of the presented works had already been exhibited elsewhere. Our objective was to make a general picture of the relevant streams at the young artistic scene in the past two years, which was achieved with our approach towards the selection of the works.

The summary of the results of the Biennial shows works made in all the possible media of the artistic expression, with the exception of architecture and film. In spite of the expectations that most of the exhibited works would be made in the classical visual media (painting, sculpture, graphic), the Biennial showed a domination of works belonging to the conceptual practice and installation (space, computer, video). Unfortunately, the fact remains that sculpture was marginalized and a number of paintings and graphic sheets was not satisfactory. But, these are the frames of interest of the young today, and it must not be neglected.

Interesting was the union and the group participation of already renown artists, with a substantial number of successful projects behind, and freshly graduated artists who were about to prove themselves.

The renewed Biennial was participated by artists who were blindly trying to apply new media, untypical for them, which is, basically, a risky task. Some were realized successfully, yet some showed a mechanical and superficial approach. Although it seemed to be very obvious, we decided to exhibit them, since such works, when put in correlation with the others, provide the real picture of the tendencies and the preoccupations of the young artists. The Biennial was also an opportunity for the artists themselves to self-estimate and through a self-criticizing evaluation to see their own place within their own generation of young artists.

Although in these hard times we might openly say that the art is becoming less a profession and more an expensive hobby, this Biennial came as just another proof that the artistic spirit is restless and that in the hands of the real artist a work of art can be made under any circumstances. And, each contact with the art is spirit-releasing, it leads to contemplation, to the immaterial world where, at least for a moment, you forget the everyday. One impression of the Biennial is, however, more than obvious. Many of these young artists are very promising with their potential and in the future we can expect works with accumulated art values and high artistic achievements.

Ana Frangovska

Христијан Санев
Роден 1975 година во Скопје. Дипломирал на Факултетот за Ликовни уметност во Скопје 1999 година.

Hristijan Sanev
Born 1975 in Skopje. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje 1999.

"Светло во ноќта - Пејзаж во мојата соба -, 2000,
графички перформанс
(4 графики и објект)
"Light in the night" - Paysage in my room -, 2000,
graphical performans
(4 graphics and an instalation)

Марина Цветановска
Родена 1977 година во Куманово. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности, педагошки оддел, насока вајарство, во класата на проф. Станко Павлески, во Скопје, 2000 година.
Marina Cvetanovska
Born 1977 in Kumanovo. Graduated at the Academy of Fine arts in Skopje, 2000, sculpture, with prof. Stanko Pavleski.

"Ротација", 2000, инсталација
"Rotation", 2000, instalation



Гоце Наневски
Роден 1974 година во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1996 година. Посетува постдипломски студии на истиот факултет.
Самостојна изложба:
1998 - МКЦ

Goce Nanevski
Born 1974 in Skopje. Gradeuated at the Academy of Fine arts in Skopje, 1996.
He is at the postgraduating studies at the same Academy.
Solo exhibitions:
1998 - Youth Cultural Center

"Квадрат или кинетичка основа", 2001, црн лим, 280 x 280 x 70 см
"Square or cinetic baze", 2001, black tin, 280 x 280 x 70 cm

Никола Велков
Роден 1970 година во Скопје.
Самостојни изложби:
1995 - Деасу, Германија, "Тајниот живот на Игор К."
1996 - Осло, Норвешка, "Тајниот живот на Игор К."
Сплит, Хрватска, "Пет дами"
1998 - ИСЕА 98 (Ливерпул и Манчестер),
Револуција, Sabotage & Terror
Скопје, CIX Галерија, Being Digital

Nikola Velkov
Born 1970 in Skopje.
Solo exhibitions:
1995 - Deasu, Germany, "The sicret life of Igor K."
1996 - Oslo, Norway, "The sicret life of Igor K. "
Split, Croatia, "Five ladies"
1998 - ISEA 98 (Liverpool & Manchester), Revolution,
Sabotage & Terorr
Skopje, CIX Gallery, Being Digital

"Be care full", 2001, интервенција
